


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 77,
МЕСЕЦ
ФЕВРУАРИ 2026

# „100 ДЕНА ОТЧЕТ – КАВАДАРЦИ, ГРАД ВО ПОСТОЈАН РАЗВОЈ"

ПОЧИТУВАНИ СОГРАЃАНИ,

ДЕНЕС НЕ ЗБОРУВАМЕ САМО ЗА БРОЈКА. ДЕНЕС НЕ ЗБОРУВАМЕ САМО ЗА 100 ДЕНА.

ЗБОРУВАМЕ ЗА ЕНЕРГИЈА ШТО СЕ ЧУВСТВУВА НА СЕКОЈА УЛИЦА, ЗА ДИНАМИКА ШТО СЕ ГЛЕДА НА СЕКОЕ ГРАДИЛИШТЕ И ЗА ВИЗИЈА ШТО ГО ДВИЖИ КАВАДАРЦИ НАПРЕД, СИГУРНО, ОДЛУЧНО И ДОСТОИНСТВЕНО.

„100 ДЕНА ОТЧЕТ – КАВАДАРЦИ, ГРАД ВО ПОСТОЈАН РАЗВОЈ."

ОВА НЕ Е СЛОГАН. ОВА Е ОПРЕДЕЛБА. ОВА Е СИСТЕМ НА РАБОТА.

ВО ИЗМИНАТИТЕ 100 ДЕНА ПОКАЖАВМЕ ДЕКА КОГА ПОСТОИ ЈАСНА ВИЗИЈА, ДИСЦИПЛИНА ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА И ПАРТНЕРСТВО СО ГРАЃАНИТЕ – РЕЗУЛТАТИТЕ НЕ ДОАЃААТ СЛУЧАЈНО, ТУКУ СЕ СОЗДАВААТ.

КАВАДАРЦИ ДЕНЕС НЕ Е ГРАД ШТО ЧЕКА. КАВАДАРЦИ Е ГРАД ШТО ИНИЦИРА. ГРАД ШТО ИНВЕСТИРА. ГРАД ШТО ГРАДИ.

КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК, ЗАЕДНО СО СОВЕТНИЦИТЕ И РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА СЕКТОРИТЕ ВО ОПШТИНАТА, ПОСТАВИВМЕ НОВ СТАНДАРД: РАБОТА СО РОКОВИ, РАБОТА СО МЕРЛИВИ РЕЗУЛТАТИ И РАБОТА СО ЕДНА И ЕДИНСТВЕНА ЦЕЛ – КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ ЗА СЕКОЈ ГРАЃАНИН.

НАШАТА ЕКОНОМСКА СТАБИЛНОСТ НЕ Е ПРИВИЛЕГИЈА, ТУКУ ОДГОВОРНОСТ. НАШАТА ИНФРАСТРУКТУРНА ДИНАМИКА НЕ Е СЛУЧАЈНОСТ, ТУКУ СТРАТЕГИЈА. НАШАТА МОДЕРНИЗАЦИЈА НЕ Е ТРЕНД, ТУКУ ПОТРЕБА.

ВО ОВИЕ 100 ДЕНА ЗАПОЧНАВМЕ ПРОЕКТИ КОИ СО ГОДИНИ БИЛЕ НАЈАВУВАНИ, А ДЕНЕС СЕ РЕАЛНОСТ. РЕАЛИЗИРАВМЕ ЗАФАТИ ШТО ДИРЕКТНО ГО ПОДОБРУВААТ СЕКОЈДНЕВИЕТО НА ГРАЃАНИТЕ – ОД ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА, УРБАНО УРЕДУВАЊЕ, КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ДО ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО, СПОРТОТ И ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ.

РАБОТИМЕ ПЛАНСКИ. РАБОТИМЕ ОДРЖЛИВО. РАБОТИМЕ ДОЛГОРОЧНО.

КАВАДАРЦИ ДЕНЕС Е ПРЕПОЗНАЕНО КАКО ЕДЕН ОД НАЈРАЗВИЕНИТЕ И ЕКОНОМСКИ НАЈСТАБИЛНИ ГРАДОВИ ВО ДРЖАВАТА – ГРАД СО СИЛЕН СТОПАНСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ, МОДЕРНА ИНФРАСТРУКТУРА И АМБИЦИЈА КОЈА НЕ ПОЗНАВА ГРАНИЦИ.

ОВА СЕ 100 ДЕНА ВО КОИ:

– НЕ ВЕТУВАВМЕ – ТУКУ РЕАЛИЗИРАВМЕ,

– НЕ ИМПРОВИЗИРАВМЕ – ТУКУ ПЛАНИРАВМЕ,

– НЕ ЗАСТАНАВМЕ – ТУКУ ЗАБРЗАВМЕ.

НО ОВА Е САМО ПОЧЕТОК. ЌЕ СЕ ЗАДРЖАМ НА КАПИТАЛНИ И ГОЛЕМИ ПРОЕКТИ (ЗАПОЧНАТИ ИЛИ РЕАЛИЗИРАНИ):

– ИЗГРАДБА И ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КЛУЧНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И БУЛЕВАРИ

– МОДЕРНИЗАЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

– НОВИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНДУСТРИСКИ И ЕКОНОМСКИ ЗОНИ

– РЕКОНСТРУКЦИЈА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА УЧИЛИШТА И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ

– УРЕДУВАЊЕ НА НОВИ ПАРКОВИ И ЈАВНИ УРБАНИ ПРОСТОРИ

– ПОДОБРУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ СИСТЕМИ

– ПОДДРШКА И ПРОШИРУВАЊЕ НА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

ЗНАЧАЈНИ ПРОЕКТИ И ИНТЕРВЕНЦИИ:



– АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ

– УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И ПАРКИНГ-ПРОСТОРИ

– ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ

– ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ И СПОРТСКИ НАСТАНИ

– ЗГОЛЕМЕНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

– ИНТЕРВЕНЦИИ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

ОВА Е ДЕЛ ОД ПОГОЛЕМИТЕ КАПИТАЛНИ ОТПОЧНАТИ И РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ:

- КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ БАЗЕН КАВАДАРЦИ. ИНВЕСТИЦИЈА ВО ВИСИНА ОД 48.000.000,00 ДЕН ОД ВЛАДА НА РМ.

- ДОГРАДБАТА НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИОТ ОБЈЕКТ – ЗАТВОРЕН БАЗЕН И СПА ЦЕНТАР. ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ ВО ВРЕДНОСТ ОД 100,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.

- КАРТИНГ ЗОНА И КАРТИНГ ЦЕНТАР

- НОВ, МОДЕРЕН СПОРТСКИ ОБЈЕКТ ВО РАМКИТЕ НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР „ЈАСМИН", НА ПОВРШИНА ОД 1.000 $M^2$

- СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО МАРЕНА – МОДЕРЕН ПРОСТОР ВО РАМКИ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, СО СОБЛЕКУВАЛНИ, ТОАЛЕТИ И ПРОСТОРИЈА ЗА НАСТАВНИЦИ. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

- НОВА ВЕЛОСИПЕДСКО ПЕШАЧКА ПАТЕКА ГЛИШИЌ – МАРЕНА КОЈА Е ВО ДОЛЖИНА ОД 860 МЕТРИ. ИНВЕСТИЦИЈАТА ОД 11.000.000 ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ,

- БИО ПАЗАР ВО КАВАДАРЦИ – ИНВЕСТИЦИЈА ВО ЗДРАВЈЕТО, ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 26.500.000 ДЕН ПЛУС ДДВ.

-РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОЛЕКТОР НА ПОТЕГОТ ОД БУЛ. ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР. ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ВО ВИСИНА ОД 9 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ПРЕКУ ВЛАДАТА НА РМ.

-РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛНИЦА ОД КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ, НА ПОТЕГОТ ОД СЕВЕРЕН БУЛЕВАР ДО СПОЈОТ НА ЛЕВИОТ И ДЕСНИОТ КОЛЕКТОР.

-ИЗГРАДБА НА НОВ МОСТ ПРЕКУ ЛУДА МАРА –ОД С. МАРЕНА ДО С. СОПОТ. ПРОЕКТ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ ВО ИЗНОС ОД 12 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.

- ИНФРАСТРУКТУРЕН ПРОЕКТ ЗА КРАЦИТЕ 1, 2, 3, 5 И 6 НА УЛ. „ЃОРЃИ СОКОЛОВ" ВО КАВАДАРЦИ. СО ИНВЕСТИЦИЈА ОД 26.000.000 ДЕНАРИ, ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ.

-ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „БЕЛ КАМЕН". СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА ОД 860.000 ДЕНАРИ И ДОЛЖИНА ОД 160 МЕТРИ.

-ИЗГРАДБА НА КРУЖЕН ТЕК НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР СО ФИНАНИСКА КОНСТРУКЦИЈА ОД 33.000.000ДЕН А ЗА КРАТКО ВРЕМЕ КАВАДАРЦИ ЌЕ ДОБИЕ И НОВА ТРГОВСКА ЕДИНИЦА ЗА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ - ЛИДЛ.

-ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ КОЈ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ. ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 40.856.910 ДЕНАРИ.

-ПОСТАВУВАЊЕ НОВА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ. ПРОЕКТ ВРЕДЕН 1 МИЛИОН ЕВРА – ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.

-РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНИОТ ЦЕВКОВОД ЗА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ НА ПОТЕГОТ СТРАГОВО – КРЊЕВО. ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ, А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ Е 20 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.

- ИЗГРАДБА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ВОН СЕМЕЈНА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ ЛИЦА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!

-ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО НА ПОВРШИНА ОД 530М2. ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО ВИСИНА ОД 30 МИЛИОНИ ДЕНАРИ Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

-ПРОЕКТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГУБА НА ВОДА СО 2000 ВОДОМЕРИ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, А СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ОФИЦИЈАЛЕН НАРАЧАТЕЛ.

- НОВ ДЕЛ НА КЕЈОТ НА ПОТЕГОТ ОД БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ И НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, СО ШТО КОМПЛЕТНО Е ЗАВРШЕНО И ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО, КОЕ ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1 МИЛИОН ЕВРА.

100 ДЕНА СЕ ДОВОЛНИ ЗА ДА СЕ ВИДИ ПРАВЕЦОТ.

А ПРАВЕЦОТ НА КАВАДАРЦИ Е ЈАСЕН – КАВАДАРЦИ, ГРАД ВО ПОСТОЈАН РАЗВОЈ.

ПРОДОЛЖУВАМЕ СО УШТЕ ПОГОЛЕМА ДИНАМИКА, УШТЕ ПОСИЛНА РЕАЛИЗАЦИЈА И УШТЕ ПОЈАСНА ЦЕЛ: КАВАДАРЦИ ДА БИДЕ ПРИМЕР ЗА МОДЕРЕН, ЕКОНОМСКИ МОЌЕН И ИНФРАСТРУКТУРНО НАПРЕДЕН ГРАД.

ЗАТОА ШТО НИЕ НЕ УПРАВУВАМЕ САМО СО МАНДАТ. НИЕ ГРАДИМЕ ИДНИНА.

100 ДЕНА ОТЧЕТ.

КАВАДАРЦИ – ГРАД ВО ПОСТОЈАН РАЗВОЈ.

СО ПОЧИТ,

ГРАДОНАЧАЛНИК МИТКО ЈАНЧЕВ







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОЛЕКТОРОТ НА ПОТЕГОТ ОД БУЛЕВАР „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ“ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР, ВО ДОЛЖИНА ОД 700 МЕТРИ, СО ПОСТАВУВАЊЕ КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф1000 НОСИ ТРАЈНО РЕШЕНИЕ ЗА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ЗА СЛЕДНИТЕ 50 ГОДИНИ. ОВА ЗНАЧИ ПОУРЕДЕНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ.





ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА НОВ МОДЕРЕН БИО ПАЗАР ВО КАВАДАРЦИ – ИНВЕСТИЦИЈА ВО ЗДРАВЈЕТО, ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ.ВАКВИОТ ПАЗАР ЌЕ БИДЕ ПРВ ОД ВАКОВ ВИД ВО ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН, ИНВЕСТИРАМЕ ВО ЗДРАВЈЕТО, ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО КАВАДАРЦИ. ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ОБЕЗБЕДИ СОВРЕМЕН, УРЕДЕН И СЕРТИФИЦИРАН ПРОСТОР КАДЕ ЛОКАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ, ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ И МАЛИ СЕМЕЈНИ БИЗНИСИ ЌЕ МОЖАТ ДИРЕКТНО ДА ГИ ПРОДАВААТ СВОИТЕ ПРОИЗВОДИ, БЕЗ ПОСРЕДНИЦИ – ПО ФЕР ЦЕНИ, СО ЗГОЛЕМЕНА ДОВЕРБА ОД ПОТРОШУВАЧИТЕ. СО ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ ИНВЕСТИРАМЕ ВО ТРИ СТОЛБА – ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ, ЕКОНОМСКАТА МОЌ НА НАШИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ И ОДРЖЛИВАТА ИДНИНА НА КАВАДАРЦИ. ОВА Е ПРОСТОР КАДЕ ЛОКАЛНОТО ДОБИВА ВИСТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ. КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БИО ПАЗАРОТ• ПРОСТОРИ ЗА ПРОДАЖБА НА ОРГАНСКИ ЈАТКАСТИ ПЛОДОВИ, МЕД, ПРЕРАБОТКИ И ДОМАШНИ ПРОЗВОДИ, СИРЕЊЕ, КАШКАВАЛ, УРДА, ПУТЕРИ ОД ЈАТКАСТИ ПЛОДОВИ И СЛИЧНО.• ОБЈЕКТОТ ЌЕ БИДЕ ПОДЕЛЕН НА 15 ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ. ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ВИЗИЈАТА ЗА КАВАДАРЦИ КАКО ЕКОЛОШКИ ОДГОВОРНА И ЕКОНОМСКИ ДИНАМИЧНА ОПШТИНА, КОЈА ГИ ПОТТИКНУВА ЛОКАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ, ГО СКРАТУВА СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ И ЈА ЗГОЛЕМУВА СВЕСНОСТА ЗА ЗДРАВИТЕ ЖИВОТНИ НАВИКИ. ПАЗАРОТ ЌЕ БИДЕ ИЗГРАДЕН ВО ЗОНА СО КОМЕРЦИЈАЛНА И ДЕЛОВНА НАМЕНА.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО ОБИЛНИТЕ ВРНЕЖИ ОД ДОЖД, СО ПОМОШ НА МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И ЈАМИ, КАКО ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНА КОМПАНИЈА, СЕ РАБОТЕШЕ НА САНАЦИЈА НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ НА КОЛЕКТОРОТ НА ПОТЕГОТ ОД КАВАДАРЦИ ДО СЕЛО МАРЕНА.





МИХАЈЛОВО БЕШЕ ЦЕЛОСНО ИСЧИСТЕНО ОД СНЕГОТ ШТО ПАДНА ВО ТЕКОТ НА НОЌТА, СО ВИСИНА ОД ОКОЛУ 2 ДО 3 САНТИМЕТРИ. ПО РАСЧИСТУВАЊЕТО, СЕ ИЗВРШИ И ПОСОЛУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА СО СОЛ И РИЗЛА СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ. ДЕЖУРНИТЕ ЕКИПИ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА ИЗЛЕГОА НА ТЕРЕН УШТЕ ОД 06:00 ЧАСОТ УТРОВО И КОНТИНУИРАНО ЈА СЛЕДЕА СОСТОЈБАТА НА ТЕРЕН



ВОВЕД ВО РАБОТА НА КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ

ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ КОЕ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ "СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕ", КОЈ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ 2 ГОДИНИ ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ВО СОРАБОТКА СО УНДП, А СЕГА Е ВО ЗАВРША ФАЗА, ОДНОСНО ТЕНДЕРИРАЊЕ ЗА ПОНАТАМОШНО ИЗВЕДУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА. ОВА РЕШЕНИЕ ПРЕДВИДУВА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 15 000 МЕТРИ КВАДРАТНИ И ПОКРИВАЊЕ НА КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 760 МЕТРИ. ПО ИЗГОТВУВАЊЕТО НА ОСНОВНИОТ ПРОЕКТ И ЦЕЛОКУПНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ХОРТИКУЛТУРНОТО УРЕДУВАЊЕ, И ИСТИОТ ЌЕ БИДЕ ПРЕЗЕНТИРАН НА ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦА ОД КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ, НА ПОТЕГОТ ОД СЕВЕРЕН БУЛЕВАР ДО СПОЈОТ НА ЛЕВИОТ И ДЕСНИОТ КОЛЕКТОР. СО ОВА СЕ ЗАОКРУЖУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА НАЈЗАСТАРЕНИОТ И НАЈПРОБЛЕМАТИЧЕН ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ.
ДЕЛНИЦАТА Е ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ, ПРИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО Ф1000. ИСКОПОТ И МОНТАЖНИТЕ РАБОТИ ГИ ИЗВЕДУВА ЈП „КОМУНАЛЕЦ“.
СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ЗАФАТ ЗНАЧИТЕЛНО СЕ ПОДОБРУВА ФУНКЦИОНАЛНОСТА И СИГУРНОСТА НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.



СТАЦИОНАР ШЕПА КАВАДАРЦИ ФУНКЦИОНИРА ОДЛИЧНО, ИСПОЛНЕТ СО ГРИЖА, ЉУБОВ И ПОСВЕТЕНОСТ КОН СЕКОЕ ЖИВОТИНЧЕ
ИМАМЕ ЗГРИЖЕНИ МИЛЕНИЦИ КОИ ДОБИВААТ СООДВЕТНА НЕГА, ВНИМАНИЕ И ТОПОЛ ПРИВРЕМЕН ДОМ ДОДЕКА ЈА ЧЕКААТ СВОЈАТА ЗАСЕКОГАШ ФАМИЛИЈА.
СЕКОЈДНЕВНО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НИВНАТА БЛАГОСОСТОЈБА И СРЕЌА
СТАЦИОНАР ШЕПА КАВАДАРЦИ СЕКОЈДНЕВНО ИМ ДАВА НОВА ШАНСА НА ОНИЕ ШТО НЕМААТ ГЛАС, НО ИМААТ ОГРОМНО СРЦЕ
ХУМАНОСТА ЖИВЕЕ ТАМУ КАДЕ ШТО ИМА ТОПЛА РАКА, ПОЛНА ЧИНИЈА И МНОГУ ЉУБОВ.




СРЕДНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „КИРО СПАНЏОВ БРКО" ДОБИ ОПРЕМА ПРЕКУ РЕГИОНАЛЕН ФОНД ЗА ПРЕДИЗВИЦИ, ВО ВРЕДНОСТ ОД 595. 000 ЕВРА, ФИНАНСИРАНА ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА . СЕ РАБОТИ ЗА НАЈСОВРЕМЕНА ОПРЕМА ОД 4 ТА ГЕНЕРАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИСКИ ВЕЖБИ И ПРАКТИЧНА НАСТАВА . ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И СОЗДАВАЊЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ НО И ПОГОЛЕМА МОТИВАЦИЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА АКТИВНО УЧЕСТВО ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС.
ИСТО ТАКА ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА НАДВОРЕШНИТЕ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ

КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ "СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕ", КОЈ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ 2 ГОДИНИ ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ВО СОРАБОТКА СО УНДП. НА ОВАА ЛОКАЦИЈА СЕ ПРЕДВИДУВА ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 15 000 МЕТРИ КВАДРАТНИ И ПОКРИВАЊЕ НА КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 760 МЕТРИ.

СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ, ПРОСТОРОТ ЌЕ ДОБИЕ НОВ, СОВРЕМЕН И ЕКОЛОШКИ ИЗГЛЕД, КОЈ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ. КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО УРЕДЕНА И ЗЕЛЕНА УРБАНА ЦЕЛИНА, НАМЕНЕТА ЗА РЕКРЕАЦИЈА, ПРОШЕТКА И ПРИЈАТЕН ПРЕСТОЈ, КАКО ЗНАЧАЕН ЧЕКОР КОН ПООДРЖЛИВ И ПОЧИСТ ГРАД.





ДООСВЕТЛУВАЊЕ НА КРАЦИ НА УЛ. „ДОМОВИЦА“

ВО РАМКИ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ, ИЗВРШЕНО Е ДООСВЕТЛУВАЊЕ НА КРАЦИ НА УЛ. „ДОМОВИЦА“. ПОСТАВЕНИ СЕ 4 ДРВЕНИ СТОЛБОВИ И 5 НОВИ СВЕТИЛКИ, СО ШТО ЗНАЧИТЕЛНО СЕ ПОДОБРУВА БЕЗБЕДНОСТА И ВИДЛИВОСТА ВО ОВОЈ ДЕЛ.

СРЕДСТВАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ ТЕНДЕР НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.





ПОСТАВЕНИ СЕ СМАРТ СВЕТИЛКИ ПРЕД ПЕШАЧКИТЕ ПРЕМИНИ НА УЛ. „ИЛИНДЕНСКА“, НА СПОЈОТ СО УЛ. „ПАРТИЗАНСКА“, СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА ВИДЛИВОСТ И ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИТЕ.

ДОКОЛКУ СЕ ПОКАЖАТ КАКО ЕФИКАСНИ, ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ И НА ДРУГИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

16.5 ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНИОТ ЦЕВКОВОД ЗА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ НА ПОТЕГОТ СТРАГОВО - КРЊЕВО, СО ПОЛИЕТИЛЕНСКИ ЦЕВКИ ВО ДОЛЖИНА ОД 6,5 КИЛОМЕТРИ. ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ЌЕ СЕ ИЗГРАДИ И НОВА ХЛОРИНАТОРСКА СТАНИЦА.

ОВА Е ПРВА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОВОЈ ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ, ПО ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА СИСТЕМОТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЛУКАР.

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ, А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ Е 20 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.





СЕ ПОСТАВУВААТ СМАРТ СВЕТИЛКИ ПРЕД ПЕШАЧКИТЕ ПРЕМИНИ НА УЛ. „ИЛИНДЕНСКА", НА СПОЈОТ СО УЛ. „ПАРТИЗАНСКА", СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕНА ВИДЛИВОСТ И ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЕШАЦИТЕ. ДЕНЕСКА СЕ ПОСТАВЕНИ 12 СВЕТИЛКИ.

ДОКОЛКУ СЕ ПОКАЖАТ КАКО ЕФИКАСНИ, ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ И НА ДРУГИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА КАВАДАРЦИ.




ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО НУЛА ОТПАД, СОГЛАСНО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ОРГАНИЗИРАШЕ ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ПРАВИЛНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОПАСНИОТ ОТПАД КАЈ ДЕЦАТА ОД НАЈРАНА ВОЗРАСТ.

ОВАА ЕДУКАЦИЈА Е НЕРАЗДЕЛНО ПОВРЗАНА СО ГРАДЕЊЕ НА ПОЗИТИВНИ КАРАКТЕРНИ ЦРТИ КАКО ЉУБЕЗНОСТ, ОДГОВОРНОСТ, ЕМПАТИЈА, ПОСВЕТЕНОСТ И НЕРАМНОДУШНОСТ.

ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ПОСТАВЕНА Е ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СИТЕН ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД И ОТПАДНИ БАТЕРИИ ВО ОПШТИНАТА, КАКО И САД ЗА ОТПАДНИ БАТЕРИИ ВО УЧИЛИШТАТА, КАКО И МАЛИ КАНТИЧКИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДНИ БАТЕРИИ ЗА ДОМА ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ ОД ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ.

ДЕЧИЊАТА ДОБИЈА СЛИКОВНИЦА И ТЕТРАТКА СО СУПЕРХЕРОЈОТ НУЛА.

НАШАТА ПОРАКА Е ЈАСНА : ДА НЕ БИДЕМЕ РАМНОДУШНИ КОН РАБОТИТЕ КОИ ЖИВОТ ЗНАЧАТ: ЧИСТА ВОДА, ЧИСТА ПОЧВА
И ЧИСТ ВОЗДУХ ЗА НАС И НАРЕДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СО ГОЛЕМА РАДОСТ СЕ ОТВОРИ НОВИОТ ОБЈЕКТ „ВИНОЖИТО“ ВО РАМКИ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА“ ВО СЕЛО СОПОТ
ВО ПРИСУСТВО НА ЗАМЕНИК МИНИСТЕРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ЃОКО ВЕЛКОВСКИ, ОФИЦИЈАЛНО СЕ СТАВИ ВО ФУНКЦИЈА ПРОСТОР НАМЕНЕТ ЗА ЕДНА ГРУПА ОД 20 ДЕЧИЊА, КОИ ЌЕ РАСТАТ, УЧАТ И ДРУГАРУВААТ ВО БЕЗБЕДНА И СОВРЕМЕНА СРЕДИНА.
ПРОСТОРОТ Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 2.500.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ДВОРОТ Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ГРАДИНКАТА ВО ИЗНОС ОД 400.000 ДЕНАРИ. ОПРЕМАТА Е ОБЕЗБЕДЕНА ОД МИНИСТЕРСТВОТО, СО ШТО ЗАЕДНИЧКИ СЕ СОЗДАВА ТОПОЛ И ФУНКЦИОНАЛЕН АМБИЕНТ ПО МЕРКА НА НАЈМЛАДИТЕ.
ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА ИНВЕСТИРАМЕ ВО ИДНИНАТА – ВО НАШИТЕ ДЕЦА, ВО ПОДОБРИ УСЛОВИ И ВО РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА.











УВИД ВО ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА НОВИОТ МОДЕРЕН БИО ПАЗАР ВО КАВАДАРЦИ – ИНВЕСТИЦИЈА ВО ЗДРАВЈЕТО, ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ.
ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ОБЕЗБЕДИ СОВРЕМЕН, УРЕДЕН И СЕРТИФИЦИРАН ПРОСТОР КАДЕ ЛОКАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ, ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ И МАЛИ СЕМЕЈНИ БИЗНИСИ ЌЕ МОЖАТ ДИРЕКТНО ДА ГИ ПРОДАВААТ СВОИТЕ ПРОИЗВОДИ, БЕЗ ПОСРЕДНИЦИ – ПО ФЕР ЦЕНИ, СО ЗГОЛЕМЕНА ДОВЕРБА ОД ПОТРОШУВАЧИТЕ. СО ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ ИНВЕСТИРАМЕ ВО ТРИ СТОЛБА – ЗДРАВЈЕТО НА ГРАЃАНИТЕ, ЕКОНОМСКАТА МОЌ НА НАШИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ И ОДРЖЛИВАТА ИДНИНА НА КАВАДАРЦИ. ОВА Е ПРОСТОР КАДЕ ЛОКАЛНОТО ДОБИВА ВИСТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ. КЛУЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БИО ПАЗАРОТ: ПРОСТОРИ ЗА ПРОДАЖБА НА ОРГАНСКИ ЈАТКАСТИ ПЛОДОВИ, МЕД, ПРЕРАБОТКИ И ДОМАШНИ ПРОЗВОДИ, СИРЕЊЕ, КАШКАВАЛ, УРДА, ПУТЕРИ ОД ЈАТКАСТИ ПЛОДОВИ И СЛИЧНО.
• ОБЈЕКТОТ ЌЕ БИДЕ ПОДЕЛЕН НА 15 ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 26.500.000 ДЕН ПЛУС ДДВ.







# НАСТАНИ

СЕ ОДРЖА СОСТАНОК НА УПРАВУВАЧКИОТ КОМИТЕТ ЗАЕДНО СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ НА КОЈ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАНА НАЦРТ-ВЕРЗИЈАТА НА ПЛАНОТ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ.
ИЗГОТВУВАЊЕТО НА ОВОЈ ПЛАН Е ПОДДРЖАНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ "РАЗВИВАЊЕ НА ПЛАНОВИ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ ЗА 5 ОПШТИНИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ЗА РАЗВИВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОВИ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ".
ПО ДОБИВАЊЕТО НА КОНЕЧНАТА ВЕРЗИЈА НА ПЛАНОТ ИСТИОТ ЌЕ БИДЕ ОБЈАВЕН НА ОФИЦИЈАЛНАТА ВЕБ-СТРАНИЦА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАДЕ ГРАЃАНИТЕ ПОКРАЈ ТОА ШТО ЌЕ ИМААТ МОЖНОСТ ДА ЈА РАЗГЛЕДААТ ЌЕ МОЖАТ ДА ДАДАТ И СВОЈ ПРИДОНЕС КОН ИСТАТА СО ДАВАЊЕ НА СВОИ ПРЕДЛОЗИ.





НА УЛ.„СТРАШО ПИНЏУР“ ОДНОСНО КАЈ ЗГРАДИТЕ НА „СИЛЕКС“, ОТКАКО БЕШЕ КОНСТАТИРАНО ДЕКА ИМА ДЕФЕКТ НА ГЛАВНАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА Ф 160, КОЈА ГО СНАБДУВА ЦЕЛИОТ КОМПЛЕКС НА ЗГРАДИ, ЈП КОМУНАЛЕЦ СО СЕТА СВОЈА МЕХАНИЗАЦИЈА И СТРУЧЕН КАДАР ПОВЕЌЕ ОД 30 ЧАСА СЕ ЗАЛАГАШЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ДЕФЕКТОТ, КОЈ БЕШЕ ПОЈАВЕН НА МНОГУ НЕДОСТАПНО МЕСТО ПОД ВЕЌЕ ИЗГРАДЕН ОБЈЕКТ ОД ЦВРСТА ГРАДБА. ИМАШЕ ПОТРЕБА ДА СЕ ИНТЕРВЕНИРА И ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ, А СО НЕСЕБИЧНОТО ЗАЛАГАЊЕ НА СЛУЖБИТЕ ДЕФЕКТОТ БЕШЕ ОТСТРАНЕТ И ГРАЃАНИТЕ ПОВТОРНО ДОБИЈА ВОДА.
Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ УШТЕ ЕДНАШ ЈА ПОКАЖА СВОЈАТА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ, ПОСВЕТЕНОСТ И ПОДГОТВЕНОСТ НАВРЕМЕНО ДА ОДГОВОРИ НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ.

ВО РАМКИ НА ПОСЕТАТА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И Г-ДИН АРМЕН ГРИГОРИЈАН ОСТВАРИЈА РАБОТНА СРЕДБА НА КОЈА БЕШЕ РАЗГОВАРАНО ЗА ТЕКОВНИТЕ И ИДНИТЕ ПРОЕКТИ ШТО УНДП ГИ РЕАЛИЗИРА ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ПОСЕБЕН АКЦЕНТ БЕШЕ СТАВЕН НА АКТИВНОСТИТЕ ВО КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ, ПРИ ШТО БЕШЕ ИЗВРШЕН И ЗАЕДНИЧКИ УВИД ВО ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНАТА КОРИДОРНА ЗОНА – ПРОЕКТ КОЈ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНАТА ФУНКЦИОНАЛНОСТ, НАМАЛУВАЊЕ НА ЕРОЗИЈАТА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КЛИМАТСКАТА ОТПОРНОСТ НА ГРАДОТ.
ВО КАВАДАРЦИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ПОВЕЌЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОЕКТИ СО ПОДДРШКА НА УНДП: ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ СО ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНИ ПЛАНОВИ И ИЗБОР НА ПРИОРИТЕТНИ МЕРКИ; ПОДДРШКАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА РИЛОАД СО ТРАНСПАРЕНТНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА; ЈАКНЕЊЕТО НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ПРЕКУ ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ВО МОКЛИШТЕ И ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТ ЗА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ДО ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО; ПРОЕКТОТ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ НА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, КАКО И ПОДДРШКАТА НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ ПРЕКУ ВОСПОСТАВУВАЊЕ БАЗА НА ПОДАТОЦИ.
ЗАЕДНИЧКАТА РАБОТА СО ГРАЃАНИТЕ И ПАРТНЕРИТЕ ОСТАНУВА КЛУЧНА ЗА УСПЕХОТ, А ПАРТНЕРСТВОТО СО УНДП ЗНАЧИ ПРЕТВОРАЊЕ НА ВИЗИЈАТА ВО КОНКРЕТНИ И ОДРЖЛИВИ РЕЗУЛТАТИ.







# НАСТАНИ

СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ВО ВИСТИНСКА ЗИМСКА АТМОСФЕРА. НАВРНАА 20 СМ СВЕЖА СНЕЖНА ПОКРИВКА, ШТО ОВОЗМОЖУВАШЕ ОДЛИЧНИ УСЛОВИ НА ПАТЕКИТЕ.

ФЕВРУАРИ ЗАПОЧНА СО СТАБИЛЕН СНЕГ И ПРИЈАТНА ДНЕВНА ПРОГРАМА СО DJ БУЛИ, КОКТЕЛИ ОД ВИНАРИЈА ТИКВЕШ И НАЈНОВАТА КУМОВА РАКИЈА, ГОЛЕМ БРОЈ ПОСЕТИТЕЛИ И ПОЗИТИВНА ЕНЕРГИЈА НИЗ ЦЕЛИОТ СКИ ЦЕНТАР.






УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ, КАКО И 100 УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, УЖИВАА ВО ВИСТИНСКА ЗИМСКА ИДИЛА НА МИХАЈЛОВО.

ОКОЛУ 320 ДЕЧИЊА ГО ПОМИНАА ДЕНПТ ИСПОЛНЕТ СО СМЕА, ДРУЖЕЊЕ И РАДОСТ НА СНЕГОТ.

МИХАЈЛОВО Е ВИСТИНСКО МЕСТО ЗА ЗИМСКО УЖИВАЊЕ!




ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО UNDP MK ГО ОБЈАВИ ЈАВНИОТ ПОВИК НАМЕНЕТ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД КАВАДАРЦИ ОД ПРОГРАМАТА RELOAD .

СЕ ОДРЖА ПРВАТА ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА ЗА ИНФОРМИРАНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ВРСКА СО ЈАВНИОТ ПОВИК.

ЈАВНИОТ ПОВИК ЌЕ ТРАЕ ЦЕЛ МЕСЕЦ , ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА АПЛИЦИРААТ ПО 4 ПРИОРИТЕТИ:

- ЖИВОТНА СРЕДИНА
- ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
- ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
- РОДОВА ЕДНАКВОСТ

ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИОТ ПОВИК Е ОКОЛУ 4 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ОД КОИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УЧЕСТВУВА СО 1 МИЛИОН ДЕНАРИ.






# НАСТАНИ

ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ АМБАСАДОРОТ НА ТУРЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА Н.Е. ФАТИХ УЛУСОЈ.
АМБАСАДОРОТ И НЕГОВАТА ДЕЛЕГАЦИЈА ОСТВАРИЈА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ НА КОЈА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНАТА СОРАБОТКА МЕЃУ ДВЕТЕ ДРЖАВИ, ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА, КАКО И СОРАБОТКА НА СТОПАНСКИТЕ СУБЈЕКТИ ОД КАВАДАРЦИ СО СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА – ТУРЦИЈА (МАТТО).









С.О.У „КИРО СПАНЏОВ БРКО“ ОРГАНИЗИРАШЕ ЗАЕДНИЧКА ПРОШЕТКА ВО МИХАЈЛОВО ЗА ГОСТИТЕ ОД ШВЕДСКА, КОИ СЕ ВО ПОСЕТА НА УЧИЛИШТЕТО, ЗАЕДНО СО УЧЕНИЦИТЕ И ПРОФЕСОРИТЕ. УЧЕНИЦИ И ПРОФЕСОРИ ОД ГИМНАЗИЈА „КУРТ НИКОЛИН“ ОД ГРАДОТ ФИНСПОНГ, ШВЕДСКА, СО КОИ ПОСТОИ УСПЕШНА СОРАБОТКА ВЕЌЕ 15 ГОДИНИ.
ВО РАМКИ НА ОВАА СОРАБОТКА, УЧЕНИЦИ ОД ФИНСПОНГ ЈА ПОСЕТИЈА НАШАТА ДРЖАВА, А УЧЕНИЦИ И ПРОФЕСОРИ ОД СОУ „КИРО СПАНЏОВ БРКО“ ПРЕСТОЈУВАА ВО ШВЕДСКА, КАДЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ И ВЕЖБИ, КАКО И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ВО НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ВО ДВЕТЕ УЧИЛИШТА.
СОРАБОТКАТА ПРЕТСТАВУВА ЗНАЧАЕН ПРИДОНЕС ЗА МЕЃУКУЛТУРНА РАЗМЕНА, ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ЗБОГАТУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС











ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ АМБАСАДОРОТ НА АВСТРИЈА Н.Е МАРТИН ПАМЕР. АМБАСАДОРОТ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ Д.Р СТОЈАНЧО РАМОВ НА КОЈА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ НА ДВЕТЕ ЗЕМЈИ. АКЦЕНТ СЕ СТАВИ НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА ОДНОСНО ОТВОРАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ТРЕНИНГ ЦЕНТАР ЗА ПОЖАРНИКАРИ НА ЦЕНТРАЛНО НИВО КОЈ ЌЕ СЕ НАОЃА ВО КАВАДАРЦИ. СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ БИЗНИС СЕКТОРОТ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ.

# НАСТАНИ



ГРЕЕНО ВИНО, ТОПОЛ ЧАЈ И МАКЕДОНСКА МУЗИКА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД
СВ. ТРИФУН СЕ СЛАВЕШЕ СО ЉУБОВ, НАСМЕВКИ И ДОБРА АТМОСФЕРА









ВО ПРЕСРЕТ НА СВ. ТРИФУН, ВИНСКИОТ МУЗЕЈ БЕШЕ ИСПОЛНЕТ СО УМЕТНОСТ, ВИНО И ИНСПИРАЦИЈА
ИЗВОНРЕДНА ИЗЛОЖБА НА НАШАТА УМЕТНИЦА МАКЕДОНКА ДИМОВА, СО ПРЕУБАВИ ДЕЛА КОИ ЈА РАСКАЖУВААТ ПРИКАЗНАТА ЗА ПРАЗНИКОТ.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ

УШТЕ ЕДЕН ПРЕКРАСЕН НАСТАН ВО ПРЕСРЕТ НА СВ. ТРИФУН ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ.
МНОГУ НАСМЕАНИ ЛИЦА НА НАСТАНОТ НАСЛОВЕН "КАДЕ ШТО ПОЕЗИЈАТА, ДЕЛИКАТЕСИТЕ И ВИНОТО СЕ СПОЈУВААТ".
ЦЕЛА НЕДЕЛА ВО КАВАДАРЦИ СЕ ЧУВСТВУВАШЕ УБАВИНАТА НА ТРАДИЦИЈАТА , МИРИСОТ НА ВИНОТО И ШЕПОТОТ НА ПОЕЗИЈАТА И МУЗИКАТА.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ





УШТЕ ЕДЕН УБАВ ДЕН СО МАКЕДОНСКА МУЗИКА, ГРЕЕНО ВИНО И ТОПОЛ ЧАЈ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД СЕ СЛАВЕШЕ СВ. ТРИФУН









# НАСТАНИ

ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ СВ. ТРИФУН – ЗАШТИТНИКОТ НА ЛОЗАРИТЕ, ДЕНЕС УЧЕНИЦИТЕ ОД ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ ОД ООУ „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" ЈА ПОСЕТИЈА WINE CELLAR POPOVI - TIKVES REGION. ЗА ВРЕМЕ НА ПОСЕТАТА СЕ ЗАПОЗНААА СО ПРОЦЕСОТ НА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЛОЗЈАТА, БЕРБАТА НА ГРОЗЈЕТО И НАЧИНОТ НА ПРОИЗВОДСТВО И ЧУВАЊЕ НА ВИНОТО. СО ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ГИ СЛУШНАА ПРИКАЗНИТЕ ЗА ТРАДИЦИЈАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ОВОЈ ПРАЗНИК ВО НАШИОТ КРАЈ.

ОВАА ЕДУКАТИВНА И ИНТЕРЕСНА ПОСЕТА ИМ ОВОЗМОЖИ ОДБЛИСКУ ДА ЈА ПОЧУВСТВУВААТ БОГАТАТА ЛОЗАРСКА ТРАДИЦИЈА И ТРУДОТ ШТО СТОИ ЗАД СЕКОЈА КАПКА ВИНО.







ЗА ПРВПАТ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВ. ТРИФУН 2026 СЕ ОДРЖА КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ОД ВАКОВ КАРАКТЕР ПОД НАСЛОВ „НАСЛИКАЈ ГО ВКУСОТ НА ВИНОТО" ВО ВИНСКИОТ МУЗЕЈ!

ВО ПРЕКРАСНА И ИНСПИРАТИВНА АТМОСФЕРА, УЧЕСНИЦИТЕ ИМАА МОЖНОСТ ПРЕКУ БОИТЕ И ЧЕТКИТЕ ДА ГО ПРЕТОЧАТ ВКУСОТ И ДУХОТ НА ВИНОТО НА ПЛАТНО. КРЕАТИВНОСТА, ДРУЖБАТА И ЉУБОВТА КОН ВИНОТО СОЗДАДОА НЕЗАБОРАВНО ИСКУСТВО КОЕ СИГУРНО ЌЕ СТАНЕ ДЕЛ ОД НАШАТА ТРАДИЦИЈА.

БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ УЧЕСНИЦИ ШТО БЕА ДЕЛ ОД ОВАА УБАВА ПРИКАЗНА.

ЗА МНОГУ ГОДИНИ СВ. ТРИФУН!











# НАСТАНИ

ВО ПРЕСРЕТ НА ПРАЗНИКОТ СВ. ТРИФУН СИМБОЛ НА ТРУДОТ, ПЛОДНОСТА И ТРАДИЦИЈАТА СЕ ОДРЖА НАСТАН ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА ОРГАНИЗИРАНА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО МУЗЕЈ НА МИРИС И ВКУС.

СВ. ТРИФУН НЕ ПОТСЕТУВА НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОСВЕТЕНОСТА И ПОЧИТТА. ТОКМУ ТИЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ТЕМЕЛ И НА НАШИТЕ ЗАЛОЖБИ ЗА СОЗДАВАЊЕ ОПШТЕСТВО ВО КОЕ СИТЕ ГРАЃАНИ ИМААТ ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ, ЕДНАКОВ ПРИСТАП И ЕДНАКВО ДОСТОИНСТВО.

КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА, УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И ЈАКНЕЊЕ НА ИНКЛУЗИВНОСТА ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА. НАШАТА ЦЕЛ Е ЈАСНА, ОПШТИНА ВО КОЈА НЕМА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ТУКУ ИМА РАЗБИРАЊЕ, ПОДДРШКА И РАМНОПРАВНОСТ.





ВО BIBLIOTEKA FETKIN-KAVADARCI СЕ ОДРЖА ПРЕУБАВ НАСТАН ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СВ. ТРИФУН, КОЈ НА ЕДНО МЕСТО ГИ СПОИ ПОЕЗИЈАТА И ВИНОТО КАКО ДЕЛ ОД БОЕМСКАТА КАВАДАРЕЧКА ТРАДИЦИЈА.

ВО ПРИЈАТНА АТМОСФЕРА, ИСПОЛНЕТА СО СТИХОВИ, ЕМОЦИИ И МИРИС НА ВИНО, ПРИСУТНИТЕ УЖИВАА ВО ВЕЧЕР ШТО ПОТСЕТИ КОЛКУ УМЕТНОСТА И ТРАДИЦИЈАТА ЗНААТ ДА ГИ ЗБЛИЖАТ ЛУЃЕТО.







---

СРЕДБА СО ЛИКОВНАТА УМЕТНИЦА МАКЕДОНКА ДИМОВА ОД КАВАДАРЦИ, КОЈА ВЕЌЕ 27 ГОДИНИ АКТИВНО ТВОРИ И ПРИДОНЕСУВА ЗА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА СЦЕНА.

ВО ПРЕСРЕТ НА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН, ИМАШЕ УСПЕШНА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ, А СЕГА ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И БЛАГОДАРНОСТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МУ ПОДАРИ УМЕТНИЧКА ФОТОГРАФИЈА ИНСПИРИРАНА ОД НАШЕТО ПОДНЕБЈЕ.



# НАСТАНИ

НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА УСПЕШНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НАСОКИТЕ ОД СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ КАВАДАРЦИ.
УЧЕНИЦИТЕ, КОИ СЕ ДЕЛ ОД ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА, ГИ ПРЕТСТАВИЈА СВОИТЕ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА ПРЕКУ ИЗРАБОТКА И ИЗЛОЖУВАЊЕ НА: ВИНО, МАСТ ОД КАНТАРИОН, ПРОИЗВОДИ ОД АЛОЕ ВЕРА
ПОСЕТИТЕЛИТЕ ИМАА МОЖНОСТ ОДБЛИСКУ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО КВАЛИТЕТОТ, КРЕАТИВНОСТА И ПОСВЕТЕНОСТА НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ, КОИ ПРЕКУ ПРАКТИЧНАТА РАБОТА СТЕКНУВААТ РЕАЛНИ ЗНАЕЊА И ИСКУСТВА.
ГОРДИ СМЕ НА НИВНИОТ ТРУД И УСПЕХ!





ТРАДИЦИОНАЛНО ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН, ВО САЛАТА ПРИ ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ, СЕ ОДРЖА ПЕТТОТО ИЗДАНИЕ ПО РЕД НА МУЗИЧКИОТ ФЕСТИВАЛ „СРМА" ФЕСТИВАЛ НА ИЗВОРНА, НАРОДНА И ТРАДИЦИОНАЛНА МУЗИКА, РЕАЛИЗИРАН ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА ПРИ ОПШТИНА КОВИН, РЕПУБЛИКА СРБИЈА И ООМБУ „ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ" ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ











ВО МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ИЗЛОЖБАТА „БОИТЕ НА СВ ТРИФУН", КОЈА ОБЕДИНИ НАД 35 ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ОД ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА.
ПРЕКУ БОГАТ СПЕКТАР НА БОИ, МОТИВИ И ИНСПИРАЦИИ ПОСВЕТЕНИ НА ТРАДИЦИЈАТА И ДУХОТ НА СВ. ТРИФУН, ПОСЕТИТЕЛИТЕ УЖИВАА ВО ВЕЧЕР ИСПОЛНЕТА СО УМЕТНОСТ, ЕМОЦИЈА И КРЕАТИВНА ЕНЕРГИЈА. НАСТАНОТ УШТЕ ЕДНАШ ПОКАЖА ДЕКА КУЛТУРАТА ЖИВЕЕ СИЛНО ВО НАШИОТ ГРАД.









# НАСТАНИ

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ ОСТВАРИЈА ПРВА СРЕДБА СО НОВИОТ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА НА САД ВО МАКЕДОНИЈА, НИКОЛ ВАРНС.
НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА ЛОКАЛНО НИВО, СО АКЦЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ, ПРИВЛЕКУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИИ, ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ И ОБРАЗОВНИ РАЗМЕНИ, КАКО И СОРАБОТКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ТУРИЗМОТ И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ.
ПОСЕТАТА ПРЕТСТАВУВА ДОБРА ОСНОВА ЗА ПОНАТАМОШНО ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ ОД ИНТЕРЕС ЗА ГРАЃАНИТЕ.





ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 20 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ВО СОФИЈА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, МИТКО ЈАНЧЕВ, БЕШЕ УДОСТОЕН СО ПЛАКЕТА ЗА ПОСВЕТЕНОСТ И ПОДДРШКА НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО СТРАНСТВО, АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ, ГРАДЕЊЕ НА ДУХОВНИ МОСТОВИ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА. ПРИЗНАНИЕТО БЕШЕ ВРАЧЕНО ОД ДИРЕКТОРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ВО СОФИЈА И ДИПЛОМАТСКИ СОВЕТНИК ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ПЕЈКОВСКИ.
НА СРЕДБАТА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ И ДИРЕКТОРОТ НА МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА ЈАКИМ ЗИМОВСКИ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА И ПОТПИШУВАЊЕ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА, СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ КУЛТУРНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ.
ВО ТАА НАСОКА, СЛЕДНАТА СРЕДБА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО СОФИЈА, КАДЕ ЌЕ БИДЕ ОРГАНИЗИРАНА СЕЛЕКТИВНА ИЗЛОЖБА ОД ТРИТЕ ГОДИНИ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „БОИТЕ НА СВ. ТРИФУН“, КАКО ЗНАЧАЕН КУЛТУРЕН БЕЛЕГ НА КАВАДАРЦИ.
КУЛТУРАТА ОСТАНУВА МОСТ ШТО ПОВРЗУВА, ОБЕДИНУВА И СОЗДАВА ТРАЈНИ ВРЕДНОСТИ.




# НАСТАНИ

ДЕНЕС, ВО РАМКИ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД Е ПОСТАВЕН БАЗАРОТ НА ВИНСКИ ПРОИЗВОДИ НА КОЈ БЕА ПРЕТСТАВЕНИ АВТЕНТИЧНИ ВИНА ОД ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН, КАКО И БАЗАР НА ХРАНА И ХУМАНИТАРНА ПРОДАЖБА НА ДЕЛАТА СОЗДАДЕНИ НА ДВЕТЕ КРЕАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ.

ПОСЕТИТЕЛИТЕ УЖИВААТ ВО ДЕГУСТАЦИЈА НА ГРЕЕНО ВИНО И ИМАА МОЖНОСТ ДА ГО ПОЧУВСТВУВААТ ВИСТИНСКИОТ ДУХ НА ТРАДИЦИЈАТА И ЛОЗАРСТВОТО.

ЗА МНОГУ ГОДИНИ СВ.ТРИФУН






СО ДЛАБОКА ПОЧИТ КОН ТРАДИЦИЈАТА И ВРЕДНОСТИТЕ ШТО ГО ГРАДАТ ИДЕНТИТЕТОТ НА НАШИОТ КРАЈ, ВО КАВАДАРЦИ И ОВАА ГОДИНА ДОСТОИНСТВЕНО ГО ОДБЕЛЕЖАВМЕ ПРАЗНИКОТ ПОСВЕТЕН НА ЗАШТИТНИКОТ НА ЛОЗАРИТЕ И ЛОЗЈАТА – СВЕТИ ТРИФУН.

ПО ТОЈ ПОВОД, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОРГАНИЗИРАШЕ СВЕЧЕН ПРИЕМ ВО ВИНСКИОТ МУЗЕЈ НА КОЈ ПРИСУСТВУВАА АМБАСАДОРИ, МИНИСТРИ, ПРАТЕНИЦИ, СОВЕТНИЦИ И БРОЈНИ ГОСТИ.

НЕКА ПРАЗНИКОТ НА СВ. ТРИФУН НЕ ПОТСЕТУВА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА ТРУДОТ, ИСТРАЈНОСТА И ЉУБОВТА КОН ЛОЗАРСТВОТО, КАКО И НА ОБВРСКАТА ДА ЈА ЧУВАМЕ И УНАПРЕДУВАМЕ ОВАА ВЕКОВНА ТРАДИЦИЈА.

НЕКА Е ЧЕСТИТ ПРАЗНИКОТ.










ВО РАМКИ НА ДНЕВНАТА ПРОГРАМА СО СВОЈОТ ВПЕЧАТЛИВ НАСТАП СЕ ПРЕТСТАВИ ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ „ТИКВЕШ", КОЈ ЈА ВООДУШЕВИ ПУБЛИКАТА СО ТРАДИЦИОНАЛНИ ОРА, АВТЕНТИЧНИ НОСИИ И ДУХОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР. ПО НИВ СЛЕДУВАШЕ ПЕАЧКА ГРУПА НА ПЕНЗИОНЕРИ, ЧИИ ИЗВЕДБИ НА НАРОДНИ И СТАРОГРАДСКИ ПЕСНИ РАЗБУДИЈА ЕМОЦИИ И НОСТАЛГИЈА КАЈ ПРИСУТНИТЕ.

ДЕНОТ БЕШЕ ЗАОКРУЖЕН СО НАСТАПОТ НА АКУСТИКО ЛАЈТ, КОИ СОЗДАДОА ОДЛИЧНА АТМОСФЕРА И ЈА ПОДИГНАА ЕНЕРГИЈАТА МЕЃУ ПУБЛИКАТА.

ПРАЗНИКОТ ПОМИНУВА ВО ДУХОТ НА ТРАДИЦИЈАТА, И СЛАВЕЊЕТО НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО, ОСТАВАЈЌИ УБАВИ СПОМЕНИ КАЈ СИТЕ ПРИСУТНИ.






20.А ГРИЖАТА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ОСТАНУВА НАШ ПРИОРИТЕТ.
ПРЕКУ ХУМАНИТАРНАТА РАБОТИЛНИЦА ОРГАНИЗИРАНА ВО РАМКИ НА НОВОГОДИШНАТА ПРОГРАМА, СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА РАДА ПОЦЕВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОБЕЗБЕДИ ДВА КЛИМА УРЕДИ ЗА ДЕТСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ.
СО ОВАА ДОНАЦИЈА ПРИДОНЕСУВАМЕ КОН ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ПРЕСТОЈ И ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА ДЕЦАТА, ПРОДОЛЖУВАЈЌИ ЈА НАШАТА КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА КОН ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА.






23.А ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖУВА ЗНАЧАЕН НАСТАН ПОСВЕТЕН НА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА НАШАТА ОПШТИНА. РАБОТИЛНИЦА ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКО-ТУРИЗАМ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НА КОЈА ПОКРАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ УЧЕСТВУВААТ И Г-ДИН АРМЕН ГРИГОРИЈАН ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК НА УНДП ВО МАКЕДОНИЈА И Г-ДИН СЕВАК ХОВХАНИСЈАН ЛИДЕР НА ТИМОТ НА ЦИВИТА.
ПРЕКУ ФОНДОТ ЗА ГРАДСКИ ЕКСПЕРИМЕНТИ И ПРОЦЕСОТ НА ЗЕЛЕНА И ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА, КАВАДАРЦИ ЌЕ ПРАВИ ЧЕКОР НАПРЕД КОН ПРЕТВОРАЊЕ НА ВИНСКИОТ ОТПАД ВО НОВИ ПРОИЗВОДИ, РАЗВОЈ НА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА И ГРАДЕЊЕ СОВРЕМЕНА ЕКО-ТУРИСТИЧКА ПОНУДА КОЈА ГИ ПОВРЗУВА ВИНАРИИТЕ, КУЛТУРНИТЕ ЗНАМЕНИТОСТИ И ЛОКАЛНИТЕ СТОПАНСТВА.
ИАКО ВЕЌЕ ПРЕПОЗНАЕНО КАКО ВИНСКА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА, ДЕНЕС ЈА ПРЕЗЕНТИРАМЕ ФИНАЛНАТА ВЕРЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ – ДОКУМЕНТ ИЗРАБОТЕН НИЗ ИНКЛУЗИВЕН ПРОЦЕС СО РАБОТИЛНИЦИ, КОНСУЛТАЦИИ И АКТИВНА ВКЛУЧЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР.ОВАА СТРАТЕГИЈА ЌЕ ОВОЗМОЖИ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА, ЗБОГАТУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРЕСТОЈОТ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ.
ПРОДОЛЖУВАМЕ ЗАЕДНО ДА ГО ГРАДИМЕ КАВАДАРЦИ КАКО ЗЕЛЕНА, ОДРЖЛИВА И ИНОВАТИВНА ДЕСТИНАЦИЈА!









Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Шалева
Ивона Чачкова
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Цветанка Камчева
**Печати:** печатница Европа 92 Кочани
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**